**MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA**
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-7996/**

# З А П И С Н И К

**Од 206.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 22.12.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ, Ели Јосифовска-Одделление за маркетинг во МРТ и Сузана Николовска-Одделение за сметководство МРТ. |

**206.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 14.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 205.седница на Програмскиот совет на МРТ.
2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства.
3. Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда на ЈРП МРТ за 2023 година.
4. Разгледување и усвојување на Правилник за начинот за вршење на попис во ЈРП МРТ.
5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 205.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 205.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 205.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 205.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година.
Вики објасни дека следејќи ја реализацијата на тековното работење во 2022 година како и реализирањето на програмските и останатите потреби и активности на Македонската радио телевизија, се јави потреба од измена на Финансискиот план за 2022 година со пренамена на дел од планираните износи кај одредени ставки како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи.
Имено, во делот на планирани приходи за 2022 година а согласно договорот склучен помеѓу ЈРП МРТ и Арена Спорт за продажба на правата за емитување на светското првенство во фудбал – FIFA 2022 кое се одржа во Катар, се врши изменување односно намалување на планираниот износ на приход по основ на продажба на рекламно време/маркетинг за 30.000.000 денари и истиот сега се планира на износ од 45.000.000 денари.
За 2.000.000 денари се намалува и ставката со наслов приходи по основ на донациии истата сега има планиран износ од 1.000.000 денари.Средствата во вкупен износ од 32.000.000 денари кои се ослободуваат од споменатите основи се планираат во нова ставка со наслов приходи по основ на продажба на програма и реемитување во земјата и странство.
Во делот на планирани расходи пак, се врши корекција на планираните износи кај дел од ставките,зголемување или намалување, се со цел нивно усогласување со досегашните остварувања.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, и даде согласност на истиот.
Ристе Панов по однос на средствата кои се предивидуваат од маркетингот, а реално се релаизираат многу помалце.
Вики одговори дека секоја година се предвидуваат зависи најмногу од спортските настани кои МТВ ги реализира во таа година.

По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства беше ставен на гласање.

■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда на ЈРП МРТ за 2023 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Ели Јосифовска раководител на Одделение за Маркетинг и промоција во МРТ со детално образложение на материјалот од Ценовникот за маркетинг услуги по секунда за 2023 година.
По расправата членот Гајур Рамдани со прашање дали е потребно да се направи една анализа со другите телевизии, за да се види кај е МРТ во тој пазар, и дали на клиентите кои даваат големи средства за да се рекламираат треба да се размисли да добиваат поголем попуст.Додека за радиото цените се нелогични и делуваат прениски и нсо тоа клиентите нема така да не вреднуваат.
Ели Јосифовска одговори дека радиото ги има тие оставени цени бидејќи самиот закон не дава можност за зголемување на цените, додека би имале законска регулатива ќе промениме и ние во цените.Додека за телевизијата е направена анализа и имаме неколку пречки, најголема е таа што немаме мерење рејтинзи за МТВ и со тоа одредени клиенти не се нафаќаат без никаква бројка да се рекламираат.
Членотвите на Програмскиот совет после расправата беа согласни дека треба да му се укаже на Менаџментот на МРТ да направи конечно напори да обезбеди систем за мерење на рејтингот на МРТ и МРА, и со тоа да се помогне и на Секторот Маркетинг во МРТ, како и на многу други сектори,одделенија и редакции во куќата.
Исто така Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Ценовникот за маркетинг услуги по секунда за 2023 година, и даде согласност на истиот.

По расправата беше ставен на гласање Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2023 година.

■ **Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2023 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МТВ и МРА за 2023 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разгледување и усвојување на Правилник за начинот за вршење на попис во ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ и објасни дека во предлог Правилникот за начинот за вршење на попис, содржината на препораката број 7 од Конечниот извештај од Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија за усогласеност за 2020 година во целост е имплементирана, истовремено се пропишува и начинот за вршење на целиот процес на пописот на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот во Јавното радиодифузно претпријатие МРТ, врз основ на член 5 од Правилникот за начинот за вршење на попис.
Исто така Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за начинот за вршење на попис во МРТ, и даде согласност на истиот.

По расправата беше ставен на гласање Правилникот за начинот за вршење на попис во МРТ.

■ **Правилникот за начинот за вршење на попис во МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за начинот за вршење на попис во МРТ е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА5:Разно.**

По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан еден допис до Програмскиот совет на МРТ:

-Одлука за избор на програма со бр.02-7746/1 od 12.12.2022 година.

Седницата заврши во 15.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател